# TKK
## CLEAN PROTECT
# DEGRIP SPRAY




**СПРЕЈ ЗА ОДВРТУВАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ КОРОЗИЈА**

Ефикасен отстранувач на 'рѓа. Високата моќ на разградување и пробивање на спрејот го забрзува процесот на разлабавување на завртките, навоите, спојките и сите механички делови погодени од 'рѓа.

**СВОЈСТВА**

- Брзо продира низ површината, ја разградува 'рѓата и го забрзува процесот на вадење
- Остава тенок слој кој го штити металот од корозија предизвикана од влагата и временските услови.
- Го продолжува животниот век на механичката опрема.
- За надворешна и внатрешна употреба.
- Може да се користи под различни агли (360°).

**ПРИМЕНА**

- Погоден е за отстранување и вадење на 'рѓа од кородирани и оксидирани завртки, спојки, шарки, механички компоненти.
- Одличната формула овозможува течноста да навлезе дури и во најмалите точки.

**УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА**

- Најнапред механички отстранете ги нечистотијата и 'рѓата со метална четка.
- Добро протресете ја дозата пред употреба.
- Нанесете малку подебел слој.
- Почекајте да навлезе во површината и да делува околу 5-10 минути.
- Повторете ако е потребно.
- Еластичното цевче овозможува да допрете и до тешко достапните места.

**ПАКУВАЊЕ**

Доза со аеросол од 400 мл

**СКЛАДИРАЊЕ**

36 месеци на суво место на температура меѓу +5°C и +25°C. Чувајте ги дозите во исправена положба.

**ИНФОРМАЦИИ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА СРЕДСТВОТО ВРЗ ЗДРАВЈЕТО И ЗА НЕГОВО БЕЗБЕДНО КОРИСТЕЊЕ, РАКУВАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ**

Следете ги вообичаените хигиенски процедури при работењето. Да се користи само на места каде што има добра циркулација на воздух. Дополнителни информации за безбедноста, упатства за безбедно ракување, информации за личната заштитна опрема и информации за отстранување на лепилото може да најдете во безбедносниот лист. Безбедносниот лист е достапен на барање. Можете да добиете примерок и од вашиот продажен претставник на TKK.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Дадените информации се врз основа на нашите тестирања и практично искуство. Сепак, поради специфичните услови и методи на работа препорачуваме да се направи проба пред секоја употреба.

TKK d. o. o. · Srpenica 1, 5224 Srpenica, Slovenia
+386 (0) 5 38 41 300 | info@tkk-group.com | www.tkk-group.com